Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing



# Регистрирани лица за поддршка во негата на стари лица

Информации за помош да одлучите дали ви одговара да имате регистрирано лице за поддршка.

## Улога на регистрираното лице за поддршка

Секој има право да донесува одлуки за сопствениот живот.

Некои постари луѓе можеби сакаат или им треба помош да донесуваат сопствени одлуки за нивната нега на стари лица. Ако сакате, може да одберете некој во кого имате доверба за да ви помогне да донесувате и изразувате такви одлуки. Тие луѓе се викаат registered supporters [регистрирани лица за поддршка].

Улогата на регистрирано лице за поддршка е една од промените во новиот Aged Care Act [Закон за нега на стари лица] чија цел е да бидат промовирани вашите права да донесувате одлуки и да ви се помогне да продолжите да управувате со вашиот живот. За да дознаете повеќе за улогата на регистрираното лице за поддршка, видете на www.myagedcare.gov.au/registering-supporter

## Кој може да биде регистрирано лице за поддршка

Регистрирано лице за поддршка може да биде некој во кого имате доверба, на пример близок пријател или роднина. Може да имате повеќе од едно лице за поддршка.

Некои стари лица можеби не сакаат или не им треба регистрирано лице за поддршка. Никогаш не треба да чувствувате дека врз вас се врши притисок да регистрирате лице за поддршка. Други лица важни во вашиот живот може да продолжат да ве поддржуваат без да станат регистрирано лице за поддршка.

### Што прави регистрираното лице за поддршка

Регистрираните лица за поддршка може да ви помагаат да донесувате и ги изразувате вашите сопствени одлуки за вашата нега на стари лица. Тоа би можело да вклучува:

- давање поддршка на вашите одлуки за секојдневна нега на стари лица, и
- помош да имате пристап до информации, да ги разберете и ги изразите со луѓе како што се My Aged Care, проценители и даватели на услуги на нега на стари лица.

> **Имањето регистрирано лице за поддршка не ве спречува да бидете способни да добивате информации, да донесувате одлуки или директно да комуницирате со други, вклучително со вашиот давател на услуги за нега на стари лица, со My Aged Care и со проценителите. Вие може да продолжите да барате, да добивате и да пренесувате информации, и да донесувате одлуки.**

## Правила за регистрираните лица за поддршка

Регистрираните лица за поддршка имаат обврски според Aged Care Act кои мораат да ги исполнуваат. Тие обврски помагаат на промовирањето на вашата безбедност, права, желби и приоритети.

Да се биде регистрирано лице за поддршка не му дава на тоа лице овластување да донесува одлуки наместо вас. Како регистрирано лице за поддршка, тоа мора да ги почитува вашите одлуки, дури и ако не се согласува со нив.

## Како да се регистрира лице за поддршка

Вие можете да побарате од лице во кое имате доверба да стане ваше регистрирано лице за поддршка:

- со контактирање со My Aged Care
- за време на процесот на проценување, во кој е вклучен проценител за нега на стари лица
- лице во лице со Aged Care Specialist Officer [службеник специјализиран за нега на стари лица] преку Services Australia
- со пополнување на образец за регистрирање
- во вашата My Aged Care онлајн сметка, ако ја имате.

Вашето предложено лице за поддршка исто така може да поднесе такво барање.

## Окончување на врската со лице за поддршка

Вие може да побарате окончување на врската со регистрирано лице за поддршка во секое време контактирајќи со My Aged Care. Исто така можете да му речете на My Aged Care ако нешто ве загрижува или имате жалба во врска со вашето регистрирано лице за поддршка.

Прочитајте повеќе на www.myagedcare.gov.au/registering-supporter

**Наименувани доносители на одлуки**

Со аранжман на федералната влада или владата на државата или територијата:

- вие може да одберете некому кого познавате и во кого имате доверба, или на специјализирана организација, да му дадете право да донесува одлуки наместо вас
- ако не сте наименувале некого да донесува одлуки во ваше име и ја загубите способноста да донесувате сопствени одлуки, некој друг може да биде наименуван за вас.

Има различни закони и имиња за тие аранжмани ширум Австралија. Во My Aged Care, тие луѓе се познати како **appointed decision makers [наименувани доносители на одлуки]**. Тие може да донесуваат одлуки во ваше име само во согласност со нивните активни и легални овластувања. Наименуваниот доносител на одлуки може исто така да биде регистриран давател на поддршка. Посетете ја интернет страницата www.myagedcare.gov.au/registering-supporter/appointed-decision-makers

Ве молиме имајте предвид дека My Aged Care не може да овласти некого да донесува одлуки за вас. Исто така, My Aged Care не може да ги отстрани или укине овластувањата на наименуван доносител на одлуки.

## Друга поддршка

### Care Finder

Care finders [Наоѓачи на нега] се бесплатна услуга за ранливи постари луѓе на кои им е потребна дополнителна поддршка да добиваат услуги на нега на стари лица. Видете на веб-страницата www.MyAgedCare.gov.au/help-care-finder

### OPAN

За бесплатни, доверливи и независни информации и поддршка може да се јавите на Older Persons Advocacy Network (OPAN) Aged Care Advocacy Line [Линија за застапување на Aged Care] на 1800 700 600 или да ја посетите веб-страницата www.opan.org.au

**Подобрување на системот на нега на стари лица на Австралија**

Австралиската влада воведе големи промени заради подобрување на негата на стари лица.

Видете на веб-страницата **health.gov.au/aged-care-reforms**

Телефон **1800 200 422** (Бесплатна телефонска линија на My Aged Care, понеделник до петок од 8 наутро до 8 навечер, сабота од 10 наутро до 2 попладне)

За усно и писмено преведување јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со 1800 318 209. За да користите National Relay Service, одете на nrschat.nrscall.gov.au/nrs за да ја одберете вашата претпочитана точка на пристап на нивната веб-страница, или јавете се на NRS Helpdesk на 1800 555 660.